

Учениците од СОУ „Кузман Јосифоски - Питу", предводени од професорката по информатика м-р Мимоза Мијоска учествуваа на Петтото меѓународно натпреварување „Земјата - позната и непозната" во Сандански, Бугарија.

На покана од бугарската земјоделска професионална гимназија се натпреваруваа на темата „Земјата е жив организам. Не ја лутете". Учествуваа Стефани Клекачкоска и Ивона Настеска од I-3 клас. Во изработката на проектите, учесниците, поаѓаа од ставот на природните и општествените науки, на претприемништвото, на граѓанското и здравственото образование и екологијата. Како алатка за развој се користеше информатичката технологија. Претставничките на СОУ "К. Ј. - Питу" го освоија трето место со видеото со тема „Ефект - пеперутка". Меѓу десетината средни училишта од Бугарија и Македонија, екипата беше на 5-то место. Засадија и бреза во училишниот двор, а со натпреварот традиционално се одбележа Денот на планетата Земја, 22 Април.


{rokbox title=|sandanski| album=|sandanskibg|}images/bugarijasandanski/sandanski_1.jpg{/rokbox}{rokbox title=|sandanski| album=|sandanskibg|}images/bugarijasandanski/sandanski_2.jpg{/rokbox}{rokbox title=|sandanski| album=|sandanskibg|}images/bugarijasandanski/sandanski_3.jpg{/rokbox}{rokbox title=|sandanski| album=|sandanskibg|}images/bugarijasandanski/sandanski_4.jpg{/rokbox}{rokbox title=|sandanski| album=|sandanskibg|}images/bugarijasandanski/sandanski_5.jpg{/rokbox}